# УЛОГАТА НА КАПИТАЛОТ ВО ОДРЖЛИВИОТ РАЗВОЈ

**Доц. Д-р Татјана Димоска, Борис Тримчев**
Факултет за туризам и угостителство, Кеј Маршал Тито 95, Охрид,
tanjadimoska@yahoo.com; borist@t-home.mk

## Апстракт

Постојат најразлични поделби и објаснувања за поимот капитал. Сепак најосновна поделба на капиталот е на природен, човечки, физички и социјален. Од друга страна пак, кога станува збор за одржливиот развој, мора да се наведе дека станува збор за мултидимензионален и комплексен концепт за кого во литературата се забележани дури 120 дефиниции. Во овој труд се поврзува концептот на одржливиот развој со поимот капитал (значи се анализира капиталната база на одржливиот развој), при што се наведува значењето и улогата на сите видови на капитал, а особено на природниот капитал (и тоа на необновливите (исцрпливи) ресурси)) за постоење на одржливиот развој, а како резултат на тоа и за опстанокот на човечкиот вид на планетата Земја во крајна мера.

*Клучни зборови:* капитал, одржлив развој, слаба одржливост, јака одржливост

## Abstract

There are different classification and explanations about the term “capital”. The most common classification makes the difference between four categories of capital: natural, human, physical and social capital. On the other side when we are talking about the sustainable development, we have to point out that the term sustainable development is multidimensional and complex concept. In the literature there are more than 120 definitions which explain this term. In this article we’ve tried to connect the sustainable development and the term capital (in fact we analyze the capital basis of the sustainable development). We point out the significance and the role of the different forms of capital, especially natural capital (non-renewable resources), for the existence of sustainable development, and as a result of that the existence of a human species on the Earth.

*Key words:* capital, sustainable development, weak sustainability, strong sustainability

## ВОВЕД

Човечкиот вид постојано се стреми да ја зголеми својата благосостојба, а тоа е можно единствено со зголемување на економскиот раст и развој. Од друга страна пак, мора да се наведе дека штетите што ги предизвикува конвенционалниот економски развој (а посебно штетите врз животната средина) се огромни, при што во крајна линија се доведува во опасност опстанокот на човечкиот вид на планетата Земја. Единствен излез од тој "маѓепсан круг" претставува практицирањето на одржливиот развој, кој се стреми да ја зголеми благосостојбата на сегашните генерации, со истовремена заштита на животната средина, при што води сметка и идните герации да го имаат барем тоа ниво на благосостојба што го имаат сегашните генерации (принцип на интергенерациска праведност).

За да се објасни тоа, треба да се анализира капиталната база на одржливиот развој. Затоа, во овој труд најпрво ќе биде обработен поимот и видовите на капитал (природен, физички, човечки и социјален), а потоа ќе биде направен обид овој поим да се поврзе со концептот за одржлив развој, при што ќе биде анализирана улогата и значењето на видовите на капитал за одржливиот развој, со ставање на посебен акцент на огромното значење на природниот капитал (а посебно необновливите ресурси), значи ќе бидат анализирани ставовите на слаба и јака одржливост.

## ПОИМ И ВИДОВИ НА КАПИТАЛ

Поимот капитал е доста широк поим, кој во себе опфаќа различни економски и социјални димензии. Различни автори различно го дефинираат поимот капитал и му задаваат различни вредности за тоа што може тој како поим да опфати. Некои од теоритичарите на економската мисла капиталот го дефинираат како акумулиран труд, односно материјализирана форма на трудот и разните крајни продукти од него, било да се допирливи или недопирливи.

Општо, капиталот може да се подели на четири групи односно типови на капитал: природен, физички, социјален и човечки капитал.

Природниот  капитал претставува дел од природата којшто луѓето може да го користат директно или пак со помош на технологијата за да создадат некоја вредност.

"Природниот капитал најшироко се состои од сток на необновливи ресурси, обновливи ресурси и елементите и врските отелотворени во екосистемските функции."[1]

Необновливи ресурси се оние коишто имаат фиксен сток (како на пример: нафтата, природниот гас, јагленот, минералите) и коишто доколку се користат нерационално, со текот на времето може да се исцрпат. За разлика од нив, обновливите ресурси имаат саморегулирачка моќ и може да се обновуваат со текот на времето (водните ресурси, воздухот, шумските ресурси, растителниот и животинскиот свет).

Друга класификација на природниот капитал е на: критичен, константен и оној "со којшто може да се тргува".[2]

Критичен природен капитал е термин којшто служи за да се опишат атрибутите на животната средина кои се од голема важност, имаат витална функција и поради тоа не можат да се заменат со ниеден друг вид на капитал (пример озонската обвивка). Поради тоа, овој вид на капитал треба да се заштити за да може да се остави како наследство за идните генерации. Во спротивно, доколку овие критични ресурси се користат нерационално и се исцрпат, може да се доведе до опасност и постоењето на човечкиот вид на планетата Земја.

Константен природен капитал е оној којшто го има во доволна количина и политиките за неговото управување се помалку строги за разлика од критичниот капитал, но поради неговото значење сепак треба внимателно да се менаџира со него бидејќи доколку неговото исцрпување падне под минимално дозволениот праг, овој капитал лесно може да премине во критичен. Функциите што ги извршува овој вид на капитал може да бидат извршени на други начини - на пример со негова замена од страна на добра кои припаѓаат на истиот вид на капитал или со супституција од страна на некој друг вид на природен капитал.

Природниот капитал "со којшто лесно може да се тргува" е оној чиешто исцрпување е прифатливо со цел да се создаде некоја материјална корист затоа што: сѐуште го има доволно, па не постои опасност од негово исцрпување; или не извршува функции кои се од големо значење; или пак доколку извршува важни функции тогаш тие

[1] Hackett C. Steven: *Environmental and natural resources economics: theory, policy and the sustainable society*, 2nd Edition, USA, 2001, p.107

[2] Roberts Jane: *Environmental policy*, Routledge, 2004, p.83

лесно може да се извршуваат и од страна на некои други видови на капитал, па овој капитал може лесно да се супституира.

Физичкиот капитал претставува сток од материјални ресурси (опрема, објекти, машинерија и друга инфраструктура) коjшто се користи за создавање на нова вредност и приходи. Физичкиот капитал понекогаш се нарекува "човечки создаден капитал", "произведен капитал" (Goodland, 2002) или "jавен капитал" (Rainey et al., 2003). Подобрувањето на физичкиот капитал вклучува фокусирање на заедничките добра, како на пример: jавните објекти, вода и канализација, инфраструктура, телекомуникации, ефикасен транспорт, безбедност, квалитет на домување.

Кога се анализира социјалниот капитал, мора да се напомене дека не постои една универзална дефиниција за овој поим, туку различни автори различно го дефинираат овој вид на капитал. Некои од тие дефиниции се следните:

"постоење на одреден сет на неформални вредности или норми меѓу членовите на една група, кој дозволува соработка меѓу нив " (Fukuyama 1997)

"мрежа на социјални врски која влијае на индивидуалното однесување и на економскиот раст" (Pennar 1997)

" информација, доверба и норми на реципроцитет сврзани во една социјална мрежа" (Woolcock 1998)

"врски, мрежи и норми кои ја олеснуваат колективната акција."(OECD, 2001)

Социјалниот капитал може да биде лоциран на:

- микро ниво (релации меѓу индивидуалци);
- мезо ниво (релации меѓу групи на индивидуалци и заедници) и
- макро ниво (формално институционални врски и структури).

Во литературата се наведува постоење на повеќе типови на социјален капитал:

- структурен социјален капитал - каде што станува збор за видливите аспекти на социјалниот капитал како: мрежи, асоцијации и институции;
- когнитивен социјален капитал - кој вклучува невидливи аспекти како: доверба, вредности, верувања;
- социјален капитал со јаки или слаби врски;
- вертикален или хоризонтален;
- отворен или затворен;

- bonding - хоризонтален социјален капитал меѓу еднаквите во заедницата, кој се карактеризира со единство;
- bridging - вертикален социјален капитал, односно поврзување помеѓу заедниците каде владее довербата.

Модерниот концепт за социјалниот капитал го поврзува овој поим со социјалната екологија, при што тука се проучуваат не само врските коишто постојат меѓу поединците и групите, туку и релациите помеѓу општеството како целина и природата. Целта на тоа е да се создаде еколошко општество коешто ќе биде во хармонија со природата, а негова основна единица ќе биде одржливата заедница - човечко живеалиште базирано на еколошка рамнотежа. Ова е особено важно при проучувањето на концептот за одржлив развој.

Збирот на различните вештини, знаења, умеења и талент на поединците, кои се неопходни за да се изврши некоја работа, а се стекнати преку различните видови на формална и неформална едукација, се нарекуват човечки капитал.

"Човечкиот капитал е знаење, вештини, надлежности и други атрибути, отелотворени во поединците, кои го олеснуваат создавањето на лична, социјална и економска благосостојба." (OECD, 2001)

Човечкиот капитал претставува еден од изворите на економскиот раст, а се стекнува преку формалното образование, обуката на работното место, искуството, како и преку подобрувањето на здравствената состојба на работниците.

Значи, образованието претставува еден од изворите кои придонесуваат за стекнување и зголемување на човечкиот капитал, а како резултат на тоа и за пораст на националниот доход (односно економски развој). Имено, повисокиот степен на образование овозможува поголема продуктивност на трудот, што резултира со поголема можност за користење на современата технологија во производниот процес. Од друга страна пак, повисокиот економски развој на една земја позитивно влијае врз квалитетот на образованието.

Здравјето на поединецот исто така ја зголемува продуктивноста на трудот и на тој начин директно влијае врз зголемувањето на бруто домашниот производ.

Од тоа може да се заклучи дека луѓето со повисок степен на образование и подобро здравје, имаат поголем придонес кон порастот на бруто домашниот производ (односно економскиот развој).

Но, претходно споменатите извори на човечки капитал (образованието - формалното образование и обуката на работното

место, како и здравјето на поединецот) се силно детерминирани од инвестициите.
Под поимот инвестиции во човечки капитал се подразбираат оние активности кои ја зголемуваат продуктивноста на трудот т.е. неговиот квалитет. Инвестициите во здравствената состојба на поединецот ги опфаќаат трошоците за стекнување и одржување на здравјето на поединецот, исхраната, облеката, домувањето, медицинските услуги, како и грижата за децата. Инвестирањето во човечкиот капитал носи значајни економски приходи, како индивидуални, така и колективни.

## ПОИМ ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ

Иако поимот одржлив развој е нашироко употребуван во светот, сепак претставува релативно нов поим за кого не постои една универзална дефиниција. Поради неговата комплексност и мултидимензионалност, не постои една научна дисциплина која би можела да даде адекватен одговор на сите прашања поврзани со одржливиот развој. Затоа, одржливиот развој треба да биде проучуван од повеќе научни дисциплини, а минимумот би го сочинувале: етички/морални основи, екологија, економија, право, политика, трговија, финансии и технолошки можности.

Може да се рече дека концептот за одржлив развој сéуште се развива, а дефиницијата постојано се ревидира, преработува, дополнува и усовршува. Овој поим е толкуван и анализиран од страна на бројни теоретичари, така што денес се познати околу 120 дефиниции за поимот одржлив развој.[3].

Некои од дефинициите за поимот одржлив развој се дадени во следните редови.

Најкруто, одржливиот развој може да биде дефиниран на следниов начин:[4]

"Конвенционален развој + Заштита / конзервација на животната средина"

"Одржливиот развој значи постигнување на квалитет на живот (или стандард на живеење) којшто може да биде одржан за многу генерации бидејќи тој е:

1. социјално посакуван, кој ги задоволува човечките културни, материјални и духовни потреби на праведен начин;

---

[3] Al Gobaisi D.:*Basic Concepts of Sustainability,* p.16

[4] Hall P. R.: *Understanding and Applying the Concept of Sustainable Development to Transportation Planning and Decision - Making in U.S.,* dissertation, 2006, p.300

2. економски остварлив, исплатлив за себе, со трошоци кои не го надминуваат приходот;
3. еколошки одржлив, одржувајќи ја долгорочната остварливост на системите за поддршка.”[5]

“... задоволување на повеќекратните критериуми на одржлив раст, ублажување на сиромаштијата и комплетно управување со животната средина.”[6]

“ Одржливиот развој е економски развој којшто може да продолжи неодредено бидејќи се базира на искористување на обновливи ресурси и предизвикува недоволно штети врз животната средина за да постави евентуален лимит.”[7]

Сепак, за најпопуларизирана и официјална се смета дефиницијата дадена од страна на Светската комисија за животна средина и развој при Обединетите Нации (United Nations World Commission on Environment and Development) или т.н. Брундтландова Комисија во 1987 година, која гласи:

“Одржливиот развој претставува развој кој ги задоволува потребите на сегашните без да ја доведе во опасност способноста на идните генерации да ги задоволат своите сопствени потреби. Тој содржи два клучни концепти:

- концепт на потреби, особено есенцијалните потреби на светската сиромаштија на којашто треба да биде даден главниот приоритет; и
- идејата на ограничувања наметната од состојбата на технологијата и социјалната организација на способноста на животната средина да ги задоволи сегашните и идните потреби.”[8]

Одржливиот развој опфаќа три меѓусебно поврзани компоненти: економска, еколошка и социјална. Може да се рече дека основна цел односно централен мотив во концептот на одржливиот развој воопшто е постигнување на одржлив квалитет на живот на граѓаните како во сегашноста, така и во иднина. Значи, одржливиот развој претставува основен и долгорочен услов за човековата мултидимензионална благосостојба. За да може да се реализира одржливиот развој и да се постигне човековата благосостојба, мора да се води сметка за принципите на праведност и социјална одговорност.

---

[5] IUCN, World Conservation Union, 1993

[6] World Bank, 1987

[7] Allaby M.: *MacMillan Dictionary of the Environment,* 3rd ed., MacMillan press Ltd., London, 1988

[8] WCED, 1987, p.43

Принципот на праведност всушност вклучува: праведност меѓу нациите, праведност во нациите, праведност меѓу сегашните и идните генерации, како и праведност помеѓу човекот и останатите животински видови на Земјата.

Принципот на социјална одговорност се однесува на разумното користење на природните ресурси (особено на необновливите) за да се спречи нивното исцрпување и да не се наруши рамнотежата во природната средина, со што би се спречила нејзина деградација и иреверзибилни штети.

## УЛОГАТА НА КАПИТАЛОТ ВО ОДРЖЛИВИОТ РАЗВОЈ

Значи, во основата на одржливиот развој се наоѓа постигнувањето на човековата благосостојба, како на сегашните, така и на идните генерации. Притоа, мора да се напомене дека таа благосостојба не смее да се намалува со текот на времето, туку имајќи ги во предвид принципите на праведност и социјална одговорност, идните генерации мора да го имаат најмалку истото ниво на економски можности како и сегашните генерации и како резултат на тоа истото ниво на економска благосостојба односно per capita благосостојбата не треба да се намалува со текот на времето.

Тука всушност треба да се анализира состојбата и промените коишто настануваат во вкупниот сток на капитал кој го ограничува целиот синџир на економски можности и како резултат на тоа ја одредува благосостојбата - како на сегашните така и на идните генерации.

Општеството денес мора да одлучи колку и како ќе го искористи овој вкупен сток на капитал за да ги зголеми тековните економски активности и благосостојбата, и колку е потребно да се сочува или дури да се акумулира за утре односно за идните генерации да имаат иста благосостојба како и денешните.

Значи, она што ја зголемува благосостојбата на луѓето е квантитетот и квалитетот на капиталниот сток.

Вкупниот капитален сток се состои од природен капитал $K_{N,}$ физички капитал $K_p$, човечки капитал $K_H$ и социјален капитал $K_{s.}$

За да се комплетира капиталната база на одржливиот развој, некои теоретичари сметаат дека треба да се додадат уште два други фактори - стапката на технолошките промени и промената (порастот) на популацијата. Се претпоставува дека доколку стапката на технолошките промени е позитивна, тогаш капиталниот сток се зголемува од година во година. Кога станува збор за вториот фактор, можно е порастот на популацијата да ја подобри благосостојбата на

луѓето преку стимулирање на технолошките промени. Сепак, поверојатно е порастот на популацијата да влијае на намалување на капиталниот сток затоа што таа врши притисок врз природниот капитал односно за да се одржи соодветното ниво на благосостојба при пораст на популацијата ќе биде потребен поголем output.

Значи, за да постои одржлив економски развој, треба да се почитува принципот на праведност и во економската сфера, односно

$dK / dt \geq 0$ каде што $K = K_P + K_H + K_N + K_S$

Тоа всушност значи дека промената на реалната вредност на агрегатниот сет на капиталот во текот на времето треба да изнесува најмалку нула.

Притоа, мора да се напомене дека за да се оствари тоа односно за да се одржи константен агрегатниот сет на капитал во текот на времето, логично е дека за сметка на намалувањето на еден вид на капитал треба да се зголеми некој друг вид на капитал. Сосема оправдано е тука да се мисли на намалување на природниот капитал со текот на времето и тоа на необновливите (исцрпливите) ресурси затоа што тие не можат да се обновуваат и да се користат бесконечно, туку секое нивно намалување значи дека во одредена точка на времето (во некој иден временски период) тие потполно би исчезнале.

Точно околу тоа дали може да постои или не одржлив развој доколку се исцрпат природните (необновливи) ресурси, а за сметка на нив се зголемат останатите видови на капитал, постои несогласување помеѓу економистите и тие се поделени во две групи. Како резултат на тоа постојат интерпретации за "јака" и "слаба" одржливост.

Слабата одржливост се базира на неокласичната економска претпоставка дека човечкиот или создадениот капитал со еднаква вредност може да го замени природниот капитал. Според слабата одржливост дури е прифатливо и исцрпувањето на природните добра доколку профитот што се остварува како резултат на тоа исцрпување обезбедува еквивалентен надомест за идните генерации или доколку социјалните трошоци за зачувување на тие природни добра се неприфатливо големи. Според тоа, евидентно е дека слабата одржливост не води сметка за зачувување на животната средина и ја анализира само како ресурс со еднаква важност како и останатите видови на капитал. Она што го бара овој вид на одржливост е само зачувување на константен агрегатен сток на вкупниот капитал за идните генерации.

Спротивно на овој вид на одржливост, приврзаниците на јаката одржливост сметаат дека природниот капитал мора да биде сочуван во текот на времето и не може да се заменува со други форми на капитал бидејќи функциите што ги извршува природниот капитал (а кои се есенцијални за благосостојбата и опстанокот на човечкиот вид) не може да бидат извршувани од ниеден друг вид на капитал. Тука се става посебен акцент на“критичните природни добра” односно “критичниот природен капитал” чиешто исцрпување би го загрозило опстанокот на човечкиот вид на планетата Земја (на пример озонската обвивка). Значи, оваа одржливост бара не само зачувување на константен агрегатен сток на вкупниот капитал, туку и зачувување на константен сток на природниот капитал односно води сметка за заштитата на животната средина која е есенцијален ресурс за обезбедување на благосостојбата како на сегашните, така и на идните генерации. Според застапниците на јаката одржливост зачувувањето на соодветниот сток на природен капитал е критично за обезбедување на одржливоста.

## ЗАКЛУЧОК

За да може да се зборува за постоење на одржив развој, неопходно е постоењето на различни видови на капитал кои ја сочинуваат капиталната база на одржливиот развој: природен, човечки, физички и социјален капитал. Врз основа на тоа дали е неопходно постоењето на сите видови на капитал или не, за да може да стане збор за одржлив развој, во литературата се среќаваат залагања за слаба и јака одржливост. Сепак, евидентно е дека особено внимание треба да се обрне на заштитата и правилното (рационалното) управување со природниот капитал, а особено со необновливите (исцрпливи) природни ресурси затоа што тие претставуваат критичен ресурс за обезбедување на одржливоста и нивните функции не може да бидат извршувани од ниту еден друг вид на капитал, така што нивното нерационално користење би довело до исцрпување во некој иден временски период, со што би се довело во опасност и постоењето на човечкиот вид на планатата Земја.

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


1. Al Gobaisi D.:*Basic Concepts of Sustainability*
2. Allaby M.: *MacMillan Dictionary of the Environment*, 3rd ed., MacMillan press Ltd., London, 1988

3. Dresner S.: *The principles of sustainability*, 2nd edition, Earthscan, 2008
4. Hackett C. S.: *Environmental and natural resources economics: theory, policy and the sustainable society*, 2nd Edition, USA, 2001
5. Hall P. R.: *Understanding and Applying the Concept of Sustainable Development to Transportation Planning and Decision - Making in U.S.*, dissertation, 2006
6. Markandya A..: *Enviironmental economics for sustainable growth: A handbook for practitioners*, Edward Elgar Publishing, Inc.,Masachusetts, USA, 2002
7. OECD: *Frameworks to measure sustainable development: an OECD expert workshop*", 2000
8. Roberts J.: *Environmental policy*, Routledge, 2004
9. Roseland M., Connelly S.: *Toward sustainable communities: resources for citizens and their governments*, New Society Publishers, Canada, 2005
10. Тунтев З., Димоска Т.: *Одржлив развој на туризмот*, Факултет за туризам и угостителство – Охрид, Охрид, 2009